Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис, ______

**З А П И С Н И К**
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57 - 53**
**Датум: 21 .07.2023 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | [redacted] |
| Седиште/адреса на субјектот | [redacted] |
| Адреса за е-пошта | [redacted] |
| Телефон | [redacted] |
| Матичен број на субјектот | [redacted] |
| Даночен број на субјектот | [redacted] |
| Број на жиро сметка | [redacted] |
| Банка депонент | [redacted] |

Субјект на надзорот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], корисник | [redacted] | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 20.07.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.45 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 21.07.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК) | | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | / | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Налог ИП 1 бр. 57-53 од 10.07.2023 г., од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на министерството за култура **(во натамошниот текст: СУИН на МК)**, а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК, бр. 21-5772/1 од 23.05.2023 година и е предвиден со месечниот план за работа на СУИН на МК за месец јули бр. 57 - 188/7 од 03.07.2023 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted] виш инспектор во СУИН на МК.

5) Основ: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

6) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на обврските од член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 110.000 денари (од вкупно доделените 150.000 денари), согласно со договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност за 2021 година, како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор присуствуваше:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] организатор на Проектот | [redacted] | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не присуствуваа други лица.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава од физичкото лице под бр. УП1 20-4870 од 12.11.2020 г. на годишниот конкурс за учество во финансирање проекти од областа на фолклорната, музичката и музичко-сценската дејност во 2021 г., со Решение на министерот за култура УП1 бр. 20-4870/2020 од 28.06.2021 г., прифатен е проектот „Музиката мој аманет (50 години професионална дејност на [redacted]“, а за финансирање на проектот одобрени се средства во износ од 150.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-9743/1 од 28.06.2021 г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност за 2021 година, со кој што за реализација на проектот „Музиката мој аманет (50 години професионална дејност на [redacted]“ се одобрени 150.000 денари и тоа за следните намени: хонорар за ностел на проектот-инструменталисти кларинет, хонорар за организатор, за аранжер, за распишувач на нотен материјал и печатење омот со компакт дискови.

На 28.07.2021 г., корисникот доставил Барање за исплата на финансиски средства, заведено во МК под бр. 20-9705/1, како и Изјава за наменско користење на одобрените средства во прилог кон образецот за оперативен и финансиски план доставен на истиот датум, за користење на буџетските средства за реализација на проектот.

Притоа, во доставениот Оперативен и финансиски план е наведено дека проектот ќе се реализира во период од август до септември во Студио „Подрумот“ во Скопје а бараните средства за реализација на проектот во износ од 150.000 денари, да бидат потрошени за:

1. хонорар за ностел на проектот-инструменталисти кларинет 33.000 денари;
2. хонорар за организатор 20.000 денари
3. хонорар за аранжер 50.000 денари
4. хонорар за рашпишувач на нотен материјал 20.000 денари
5. печатење на омот со компакт дискови 10.000 денари и


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

6.Авторска агенција 17.000 денари;

- Врз основа на Решение за преведување на средства бр. 20-9743/3 од 24.09.2021 г., на помошник-раководителот на Сектор за дејности од областа на културата и уметноста на МК на 30.09.2021 г., на трансакциската сметка на корисникот преку Авторската агенција „Веда", авансно се преведени средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 100.042 денари нето, по одбивањето на персонален данок од доход и провизија на преведените средства од МК во износ од 9.958 денари.

Според презентираната документација (Извод од трансакциска сметка на корисникот), при надзорот утврдено е дека за реализација на Проектот, потрошени се средства за следните намени:

-70.000 денари, се платени на [redacted] по два договори за соработка од 04.08.2021 г., и од 24.07.2021 г., и тоа за целосна организација при реализација на албумот „Музиката, мојот аманет" и за изработка на музички аранжмани за албумот;
-20.000 денари, се платени на [redacted] по договор од 04.08.2021 г., за распишување на нотен материјал за предметниот албум;
-10.000 денари, се платени по договор за соработка склучен на 04.11.2021 г., со Печатница „Студио М" од Скопје, за печатење на омот и компакт дискови во тираж од 100 примероци на Печатница „Студио М",
**-Корисникот има ненамирена обврска за хонорар кон носителот на проектот инстументалист на кларинет во износ од 33.000 денари.**

**Оттука, согласно со горенаведеното, за реализација на Проектот, корисникот потрошил 109.958 денари. Имајќи предвид, дека од страна на МК на корисникот веќе му е преведен аванс на средства во износ од 100.042 денари денари во нето износ, останува обврската на МК за исплата преостанатиот дел од средсвата во износ од 40.000 денари во бруто износ соглсно со обврската од Договорот во кој што е предвидено дека целосното исплаќање на одобрените средства, МК ќе го изврши по реализацијата на проектот и по доставување извештај за потрошените средства за реализација на проектот.**

- До надлежниот Сектор во МК на 24.11.2021 г., **доставен е образец за наративен и финансиски извештај за реализација на проектот заведен под бр. 20-13502/1,** согласно со обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 9 став (1) од


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот со наративен приказ за реализација на истиот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање.

Како доказ дека проектот е реализиран на увид при инспекцискиот надзор корисникот презентираше снимено ЦД со колор опаковка, како и текст и лого дека истото е поддржано од Министерство за култура.

Во однос на наводите од Иницијативата од Секторот за дејности за тоа дека ***„самиот проект подразбира издавање на музика на носач на звук (ЦД), корисникот поднесе носач на звук, но истиот не ги задоволува стандардите и задолжителните податоци од Законот за издавачка дејност (член 7)“***, при инспекцискиот надзор од страна на инспекторот утврдено е дека презентираното ЦД освен наслов на називот на издавачот-печатарот, учесници, фотографија и дизајн на омот и на компакт дискот, не ги содржи сите податоци предвидени согласно со членовите 49 и 50 од Законот за културата и членовите 2 и 7 од Законот за издавачката дејност.

Имено, во смисла на членот 49 став 2 од Законот за културата, публикација е: книга, електронско издание, брошура, списание, нотен запис репродукција на уметничка слика и цртеж, компјутерска програма, атлас, плакат, фотографија, **носач на тон и слика (грамофонска плоча, компакт диск, магнетофонска, магнетна и друга лента и други слични авторски дела)**, а според член 50 од истиот Закон, на секоја публикација се отпечатува: името на авторот и изведувачот, кое издание е по ред, името на преведувачот, односно преработувачот на публикацијата и изворот на превод, односно преработка, **називот и седиштето на издавачот, продуцент и печатарот, местото и годината на печатањето, каталогизација во публикацијата (CIP-запис),**ISSN-меѓународен стандарден број (за списанија), ISBN-меѓународен стандарден број за книги, ISMN-меѓународен стандарден број за музички нотни изданија, со кој се идентификува објавената музичка публикација и тиражот на публикацијата.

Согласно со член 2 т. 2 од Законот за издавачката дејност („Службен весник на РМ“ бр. 199/14 и 152/15), под публикација, освен книги, брошури, сериски публикации и


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

континуирани извори (списанија, весници и друго), музикалии (партитури и штимови), картографски материјал (карти, планови, глобуси и друго), атласи, репродукции на уметнички слики и цртежи, плакати, разгледници, каталози, календари, уметнички и сценски програми, **се подразбираат иносачи на звук,** носачи на звук и слика (освен аудиовизуелните дела) и друго, **независно на кој вид медиум се достапни во доволен број примероци, што се умножуваат со печатење, пресликување, копирање или на друг начин ѝ се наменети на јавноста.**

Додека, според член 7 од Законот за издавачката дејност **секоја публикација треба да ги содржи следните задолжителни податоци: податоци за издавачот (назив и седиште), наслов на публикацијата и име и презиме на авторот/носителот на авторското право, име и презиме на уредникот, како и преведувачот, приредувачот, илустраторот, лекторот и други лица, назив и седиште на печатницата, место на издавање, година на изданието, број на периодичната публикација, при повторно издание, податоци за издавачот, место и година на објавување на првото издание (доколку таквите податоци се достапни), ознака C (copyright) со името на носителот на авторското право и годината на првото објавување, тираж на публикацијата, CIP – запис или идентификациски број на CIP – записот (за оние публикации што подлежат на CIP – запис) и меѓународни стандардни броеви за публикацијата (ISBN, ISSN, ISMN, ISRC, ISAN, ISWC, DOI, HANDLE.NET).**

Според изјавата, организаторот [redacted] ,како и корисникот [redacted] немале сознанија за обврските од горенаведените одредби од Законот за културата и Законот за издавачката дејност за конкретното ЦД, со оглед дека во одредбите од Договорот за учество во финасирање на Проектот, не можел да ги согледа истите.

Оттука, во однос на гореутврденото нецелосно постапување по обврските од горецитираниот член од Законот за издавачката дејност, а имајќи го предвид **начелото на превенција** утврдено во Законот за инспекциски наздор, од страна на инспекторот СЕ УКАЖУВА на физичкото лице во иднина доследно да ги почитува горенаведените законски одредби.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

**- За реализација на Проектот, корисникот потрошил 109.958 денари. Имајќи предвид, дека од страна на МК на корисникот веќе му е преведен аванс на средства во износ од 100.042 денари денари во нето износ, останува обврската на МК за исплата преостанатиот дел од средсвата во износ од 40.000 денари во бруто износ соглсно со обврската од Договорот во кој што е предвидено дека целосното исплаќање на одобрените средства, МК ќе го изврши по реализацијата на проектот и по доставување извештај за потрошените средства за реализација на проектот**
**- До надлежниот Сектор во МК на 24.11.2021 г., доставен е образец за наративен и финансиски извештај за реализација на проектот заведен под бр. 20-13502/1, согласно со обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 9 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот со наративен приказ за реализација на истиот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање.**
**- Во однос на наводите од Иницијативата од Секторот за дејности за тоа дека *„самиот проект подразбира издавање на музика на носач на звук (ЦД), корисникот поднесе носач на звук, но истиот не ги задоволува стандардите и задолжителните податоци од Законот за издавачка дејност (член 7)“*, при инспекцискиот надзор од страна на инспекторот утврдено е дека презентираното ЦД, не ги содржи податоците предвидени согласно со членовите 49 и 50 од Законот за културата и членовите 2 и 7 од Законот за издавачката дејност.**
**Оттука, во однос на гореутврденото нецелосно постапување по обврските од горецитираните членови од Законот за културата и од Законот за издавачката дејност, а имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски наздор, од страна на инспекторот СЕ УКАЖУВА на физичкото лице во иднина доследно да ги почитува горенаведените законски одредби.**

Согласно со горенаведеното, од страна на инспекторот за култура нема да се изрече инспекциска мерка согласно со овластувањата утврдени во Законот за

културата и Законот за инспекциски надзор, односно **ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

-Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: ________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на субјектот на надзор, корисник<br><br>организатор на проектот и аранжер | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>виш инспектор | |
| Датум: | 21.07.2023 г. | Датум: | ____.07.2023 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk